Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), член 23 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Чучер-Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.05/19), а во врска со член 11 став 3 и член 25 став 3 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија" бр.114/2006, 6/2009, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.294/21, 89/22, 160/25, 258/25 и 15/26), Советот на Општина Чучер-Сандево на **8-та** седница одржана на **20.05.2026** година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО

Член 1

Со оваа Одлука се формира Локален совет за превенција како советодавно и координативно тело, заради остварување на соработка и зацврстување на влијанието на јавноста во работата на полицијата.

Член 2

Целта на Локалниот совет за превенција се состои во изградба на заеднички препораки за подобрување на јавната безбедност на подрачјето на Општина Чучер-Сандево, како и градење на доверба и партнерски односи во превенирањето на појавите што влијаат на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Член 3

Со Локалниот совет за превенција заседава Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, **Зоран Бајовски**.

Претставници во советот од член 1 на оваа Одлука се:

1. **Марија Мисердовска**-Раководител на Одделението за нормативно општи и правни работи во Општина Чучер-Сандево;
2. **Стефан Костовски** – Командир на ПС ОН Чаир
3. **Ирена Поповска** -Претседател на Советот на Општина Чучер-Сандево
4. **Орхан Авди** -член на Советот на Општина Чучер-Сандево
5. **Игор Аговски** -член на Советот на Општина Чучер-Сандево
6. **Стефан Путовски** -член на Советот на Општина Чучер-Сандево
7. **Димче Тасески** -член на советот на Општина Чучер-Сандево
8. **Маја Кметовска Урдаревска** -Раководител на одделение за јавни дејности
9. **Слободан Шегмановиќ** -Командир на Полициско одделение Мирковци
10. **Хабит Нухи** -жител на с.Блаце
11. **Игор Белински** -жител на с.Кучевиште
12. **Гоце Живковски** -Инспектор за Јавен ред и мир и превенција во ПО Мирковци
13. **Стеванчо Петрески** – Претставник од Македонски шуми ПШС Карацица Скопје
14. **Јосиф Шкакарев** – Претставник од Македонски шуми ПШС Карацица Скопје
15. **Влатко Смоковски**-в.д.Директор на ЈКП Скопска Црна Гора

16. **Верче Славковиќ-**директор на ООУ Св.Кирил и Методиј с.Кучевиште;
17. **Весна Вучковска-**директор на ООУ Александар Урдаревски с.Сандево
18. **Шаби Аки**-директор на ООУ Михаљ Грамено с.Брест

Член 4

Задачи на Локалниот совет за превенција се:

-прибирање поплаки, молби и барања од населението, кои се однесуваат на прашања од областа на безбедноста;

-разменување на информации со сите членови кои имаат пристап до одредени доверливи информации;

-анализа на влијанието од укажаните проблеми;

-констатирање на состојбата по идентификацијата на проблемите и нивната локација;

-проценување на потребите и дефинирање на политиката на работа;

-градење на стратегија;

-подготвување на заеднички акционен план;

-проценка на резултатите од одреден временски период, доколку е потребно адаптирање на акциониот план;

-проценка на конечните резултати.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Чучер-Сандево".

Бр.08-1204/3
20.05.2026 година
Чучер-Сандево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Ирена Поповска